# Проект на групата „Опа“ во МСУ

На 20 декември во фоајето на Музејот на современата уметност се отвори изложбата „Леонардо или Микеланџело?“ на групата ОПА (Денис Сарагиновски и Слободанка Стевческа), која ќе може да се посети до 22. 12. 2012. Куратор на изложбата е Бојана Јанева-Шемова.

Отворањето имаше одличен прием кај посетителите кои имаа можност да уживаат во изложените објекти, богато подготвениот коктел и пријатната и отпуштена атмосфера.

Изложбата е реализирана со поддршка од Министерството за култура на Р. Македонија.

Групата ОПА (Денис Сарагиновски и Слободанка Стевческа) во својот најнов проект „Леонардо или Микеланџело?“ ги инкорпорира нивните досегашни препознатливи компоненти на креирање дело: изненадувањето, пренесувањето на идејата преку игра, како и активно вклучување на публиката во реализирање на авторската мисла.

Во фоајето на Музејот се поставени централните објекти на делото - два апарати (фаќалки) наполнети со банкноти во апоени од 10 денари, од кои присутните имаат можност да извлечат добивка.





- Со играта се допира прашањето на музејот како локација на форми, позиции за уметниците да ги употребуваат како колективна опрема што секој е во позиција да ја има како средства за сондирање на современиот свет.

Притоа, ако играта е директно предадена, задининското истражување лежи во исценираното прикажување на надворешната маска на некои невидливи, но силни културни агенти во имањето/немањето на моќ во креирање на одлуките во врска со уметноста, дали можат да ја преземат улогата или веќе ја имаат? Околу кои одлуки се водат битки во сферата на толкувањето на уметноста? Кои се луѓето кои ги водат тие битки? Овој мисловен ангажман произлегува од длабоката лична инвестиција на авторите, но бара и висок степен на активна партиципација од публиката, до степен на соучесници во креирањето на делото и неговото читање, велат членовите на ОПА

## Изложба на Филип Јовановски во Битола

Во Центарот за култура во Битола утре, со почеток во 21 часот, ќе се одржи проектот на Филип Јовановски „Три лесни парчиња“. Учесници се познати македонски уметници: композиторот Оливер Јосифовски, оперската пејачка Милка Ефтимова, уметникот Александар Станкоски, Искра Гешоска, теоретичар на култура, како хорот на КУД „Стив Наумов“ од Битола. Куратор на проектот е Ивана Васева.



Проектот претставен како предлог за опера во три чина претставува и своевидно продолжување на објектот-инсталација „28.03.1934“ на Филип Јовановски, за првпат претставен во Битола.

- „Три лесни парчиња“, предлог за опера во три чина, е проект на метафоричен начин, се обидува да го поттикне размислувањето и (себе)преиспитувањето на репресијата и личните права и слободи, за емоциите и љубовта во поголемите општествени системи во 20 век директно линкувајќи ги со денешната општествено-политичка и социјална ситуација во земјава - вели авторот Филип Јовановски.

## „Будни со книгата“ во клубот „Матица“

По примерот на поголемите светски метрополи, клубот „Матица“ и гимназијата „Алгоритам“ за првпат во Македонија организираат акција „Будни со книгата“ и „Ноќ на книгата“, која ќе се одржи в сабота навечер во салонот на клубот „Матица“. Книгите на заинтересираните читатели ќе им бидат достапни до полноќ.

- Ова е месец на подароци и идејата на оваа манифестација е да се приреди едно поинакво дружење со книгата во која, покрај попустите и намалените цени, ќе преовладува и ритамот на музиката. Целта на акцијата е да им понудиме на младите ново место и време за културно збогатување - велат од „Матица“.

Читателите во текот на целиот ден ќе имаат можност од понудените преку 500 наслови да го изберат својот подарок со попуст од 40 проценти. **Н.П.**

